# У в о д

1. Со усвојувањето на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и уставите на социјалистичките републики и уставите на социјалистичките покраини од 1974 година проширена е основата на самоуправувањето во општествено-политичкиот систем на социјалистичка самоуправна и неврзана Југославија. Со тоа не само уставотворците туку и секојдневната политичка практика го поставија прашањето како подоследно да се разрешуваат проблемите на непосредното учество на работните луѓе и граѓаните во секојдневниот политички живот. Тоа стана актуелно дотолку повеќе што сегашната фаза на развојот на самоуправувањето бара непосредно одлучување на сите заинтересирани во донесувањето на Одлуките, па според тоа бара непосредни форми на демократија секаде каде што тоа е можно.[1]

2. Месната заедница претставува основна самоуправна интегративна и солидарна заедница од територијален тип во која граѓаните во населбата или повеќе населби само-

---

1. М-р Владимир Штамбук :" Месната заедница во политичкиот систем на Југославија", Институт за политички студии и Факултетот за политички науки, Скопје,1972 година.

управно се организираат и поврзуваат со другите организации и заедници за остварување и задоволување на своите заеднички потреби и за учество во одлучувањето за прашањата од заеднички интерес во општината и во пошироките општествено - политички заедници.

Месната заедница[2] се определува и како уставна категорија со што внесува елементи на сигурност, заштита и нејзина натамошна афирмација во целокупниот општествен систем.

Кога се зборува за појавата и местото на месната заедница во нашиот општествено - политички систем, обично се цитира Едвард Кардељ[3], кој во својата политичка студија " Правците на развојот на политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување " истакнал дека " месната заедница се повеќе се јавува како хумана човечка заедница , како заедница на непосредни човечки контакти, која - наспроти тенденциите на отуѓеност и осаменост - станува облик на хумана човечка интеграција и солидарно поврзување и соработка на работните луѓе и граѓаните во местото на живеењето".

2. Месната заедница за првпат е определена во Уставот на СФРЈ и уставите на социјалистичките републики од 1963 година.

3. Месната заедница е еден од поважните проблеми со кои се занимава правната и политичката теорија, која заради својата сложеност и важност, зазема посебно место во нашиот општествено - политички и правен систем.

Но, месната заедница е интересна и од аспектот на граѓанското право на социјалистичка самоуправна Југославија. Таа се уште се наjдува во постојан и перманентен развиток, се наjдува во положба да се бори за своите оригинални патишта, во положба самата да ги решава големиот број прашања и проблеми што секојдневно се појавуваат пред неа.[4] За месната заедница, за проблемите поврзани со неа пишувале и расправале поголем број политички работници, правници, социолоти и други.[5]

---

3. Оваа расправа на Едвард Кардељ за политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување беше прифатена како основа за дискусија на XI Конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија и на 30-тата седница на Претседателството на ЦК СК на Југославија.

4. Да се види Резолуцијата за натамошниот развој на месните заедници, Собрание на СФРЈ, Белград, 1979 г.

5. Видетего пописот на литературата во овој труд.

Меѓутоа, кога се разгледува месната заедница од аспектот на граѓанското право во предложената дисертација на категоријата на граѓанското право во однос на оваа самоуправна заедница на работните луѓе и граѓаните се зема само условно. Тоа се прави од единствена причина што целта на трудот е разработка на месната заедница како учесник во правниот промет односно пренесувањето на правата од имотен карактер а тоа е материја што спаѓа во рамките на граѓанското право.

Правната и политичката литература на тема месна заедница е богата. Голем е бројот на правните теоретичари, општествени и политички работници кои во својата стручна и научна литература изнесуваат свои визии за тоа како треба да изгледа месната заедница, што треба таа да работи и кое место треба да го зазема во општествено - политичкиот и правниот систем на нашето општество. За разлика од оваа состојба, месната заедница од аспектот на граѓанското право и проблемите што се појавуваат во таа смисла не привлекувале внимание, така што литературата за месната заедница гледана низ граѓанското право во нашата земја не постои.

4. Самиот факт што граѓанско - правната положба на месната заедница досега не привлекувала поголемо внимание во стручната литература и фактот што не постои труд

што исклучиво би го третирал овој проблем, беше повод за тема за работа да ја изберам месната заедница како субјект на граѓанското право. На изборот на темата повеќе влијаеше уште една околност. Месната заедница, во последно време прерасна во незаменлива форма на самоуправно организирање на работните луѓе и граѓаните и нивното вклучување во целосниот систем на социјалистичкото самоуправување.[6] Таа зазема видливо место, претставува конститутивен елемент на правниот и политичкиот систем и е составен дел од социјалистичкото самоуправување во целина.

Земајќи ја месната заедница како субјект во граѓанското право за тема на докторската дисертација, си поставив себе си во задача неколку работи. Најпрво, да го разработам местото и положбата на месната заедница во нашиот општествено - политички и правен систем, а потоа, граѓанско - правната положба на месната заедница, како самоуправна заедница на работните луѓе и граѓаните. Во рамките на ова определување, посебно треба да го разработам настанувањето, промената и престанувањето на правната способност на месната заедница, потоа настанувањето, промената и престанувањето на деловната способност, и на крајот, настанувањето, промената и престанувањето на деликтната способност. Посебно

---

6. Исто како под 3 .

си поставив во задача да одговорам на прашањето дали месната заедница е субјект во граѓанското право односно дали месната заедница се појавува како субјект во граѓанско - правните односи и како ги остварува своите права и обврски во таквите односи.

За остварување на поставената цел, го применив вообичаениот методолошки приод и постапка. Пред се, ја проучив целокупната, соодветна и достапна домашна литература, и тоа во прв ред онаа која се однесува на месната заедница. Ги проучив сојузните законски прописи, републичките законски прописи и покраинските законски прописи кои претставуваат основни извори, статутите на општините, статутите на месните заедници, кои претставуваат " мали устави " на месните заедници и со кои се определува физиономијата на месната заедница и на крајот, соодветната секојдневна работа и практика на месната заедница.

Резултатите од ваквото истражување го изложувам во увод и три дела, кои сите заедно со заклучните разгледувања претставуваат една единствена целина.

Во уводниот дел го поставувам проблемот на месната заедница во правниот и политичкиот систем во нашето

самоуправно општество а посебно во граѓанското право на социјалистичка Југославија.

Во првиот дел ги разработувам поимот и суштината на месната заедница, месната заедница во уставниот и политичкиот систем од 1963 година, месната заедница во уставниот и политичкиот систем од 1974 година, месната заедница во правната и политичката литература, како и карактеристиките на месните заедници во нашиот општествено - политички и правен систем.

Во вториот дел ги разработувам функциите и задачите на месната заедница во општествено - политичкиот и правниот систем на нашата земја. Посебно се обрнува внимание на правните овластувања на месната заедница низ сојузните, републичките и покраинските законски прописи и секојдневната нивна практика.

Во третиот дел го разработувам определувањето на месната заедница како правно лице, својствата на месната заедница како правно лице, атрибутите на месната заедница како правно лице, потоа правната способност, деловната способност и деликтната способност на месната заедница.

На крајот определувам заклучни разгледувања од целокупното истражување и работење на месната заедница од граѓанско - правен аспект односно како учесник на месната заедница во граѓанско - правниот промет во нашето општество.